Врз основа на член 40 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ( Сл. весник на РСМ бр.32/2020) и член 36 став 6 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.весник на РМ,, број 5/2002), Советот на Општина Делчево на 39. седница одржана на ден 24.09. 2024 година, донесе

**Програма за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2024 година**

I. Во Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2024 година бр. 09-2561/1 од 31.12.2023 година се врши следната дополна:

Во Глава Б ( Урбанистички проекти ) во точка 10 ( Донесување – одобрување на урбанистички проекти согласно член 58 и член 63 од законот за Урбанистичко планирање ) после подточката 10.34 се додаваат нови подточки и тоа:

- Подточка 10.35 која гласи : Урбанистички проект за инфраструктура со намена Е1,6 Канализациски инфраструктури - изградба на фекална канализација со пречистителна станица за отпадни води и намена Е1,4 Хидротехнички инфраструктури – регулација на брег на дел од коритото на водотекот во близина на пречистителната станица за отпадни води - во с.Стамер – Општина Делчево,

- Подточка 10.36 која гласи : Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.5-Инфраструктури на водоснабдувањето - водовона мрежа со цевковод за транспорт на вода , каптажа, резервоар, во туристрички локалитет Голак, КО Делчево, КО Трaботивиште и КО Вирче , Општина Делчево

- Подточка 10.37 која гласи : Урбанистички проект за инфраструктурна градба со намена Е1.5 – Вододни мрежи во населени места и цевководи за транспорт на вода за населено место Вирче, КО Вирче, Општина Делчево

II. Програма за дополнување на Програмата за изработка урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2024 г стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Делчево".

Број 09-1439/1
24.09. 2024
Делчево

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,

Гоце Попов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СОВЕТ НА ОПШТИНАТА ДЕЛЧЕВО ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО